ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

02-17335/2
25. 12. 2017

**Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија**

**До: Здружение на приватни лекари на Македонија** ✓

За претседател д-р Лилјана Чолакова Дервишова

Почитувани,

Со Вашиот допис бр. 02-17335/1 од 15.12.2017 година барате измена на одредбите од Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита, со тоа што висината на договорните казни да биде определена на процент на плата, како и пред секое изрекување на секоја договорна казна Фондот претходно да даде опомена, Ве известуваме за следното:

**1**.Со преговорите кои Фондот секоја година ги водеше со Лекарската комора на Република Македонија поединечно се разработени сите одредби на Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги во примарна здравствена заштита, со цел да се изготви договор, односно анекс на договор кој ќе биде прифатлив за двете договорни страни.

Фондот во интерес на своите осигуреници за да обезбеди пружање на поквалитетни здравствени услуги во соработка со Лекарската комора на Македонија и Здружението на приватни лекари на Македонија, секоја година формира преговарачки тимови кои поединечно ги разгледуваат сите предлози доставени од Вашата комора. Врз основа на тоа изграден е заеднички став со прифаќање на забелешките на содржината на договорот за општа медицина, специјалистичко- консултативна здравствена заштита и лаборатории.

Во договорот е регулирано дека непочитување на таксативно наброените обврски на здравствената установа, повлекува изрекување на соодветна договорна казна. Секоја година ЗПРЛМ дава предлог одредени повреди од договорот да бидат префрлени во казна со понизок износ или во опомена.

Во врска со заложбите на Владата на Република Македонија да се постигне релаксирање на казнената политика спрема здравствените установи, Фондот прифаќајќи ги предлозите дадени од ЗПРЛМ вршеше прераспределба на договорните казни, со тоа што најчесто изрекуваните казни за непочитување на договорните обврски беа преместени во пониската казна или опомена. Исто така треба да се има во предвид и тоа што Фондот овозможи поради високиот износ на договорна казна од три месечни капитации фиксен дел, по барање на здравствената установа истата да се преиначи во еднострано раскинување на договор.

Напоменуваме дека со последниот Анекс на договор за 2017 година, Фондот прифати 8 (осум) од договорните казни да се префрлат во опомена пред изрекување на договорна казна. Додека 3 (три) казни од една половина месечна капитација фиксен дел, да се префрлат во една четврина капитација фиксен дел.

По завршените преговори со Лекарска комор , двете договорни страни на заедничко задоволство констатираа дека мерките за унапредување на казнената политика успешно се вградени во договорте во 2014 година, како и во анекс на договорите кои се склучија со здравствените установи за 2015 , 2016 и 2017 година.

**2**. Што се однесува до Вашето барање изрекувањето на договорната казна да биде во висина на плата на лекарот, Ве известуваме дека:

Согласно Законот за здравствено осигурување и Правилникот за начинот на плаќање во примарна здравствена заштита, надоместокот за здравствените услуги се определува врз основа на бројот и структурата на осигурените лица кои го избрале лекарот според пол и возраст и превентивни мерки и активности што треба да се постигнат во однос на резултатите од извршената работа од страна на избраниот лекар.

Плаќањето на обезбедените здравствени услуги се врши на здравствената установа за избраниот лекар според бројот на осигурените лица кои го избрале лекарот помножен со соодветниот број на поени по возрасни групи и вредноста на поенот за капитација. Надоместок за капитација се исплаќа на месечно ниво на здравствената установа за комплетен тим за обезбедените здравствени услуги.

Обврската на Фондот за плаќање на капитацијата е спрема здравствените установи па согласно тоа договорните казни се определуваат на договорните субјекти т.е. на здравствените установи.

Поради тоа договорната казна може да се определи само на износот кој се исплаќа на здравствента установа сппоред пресметаната капитација за лекарот кој направил повреда на договорните одредби. Додека висината на договорната казна се определува според тежината на направената повреда. Од тие причини определени се три групи на изрекување на договорни казни во кои таксативно се наброени повредите на договорните одредби и тоа: една половина месечна капитација фиксен дел; една четвртина месечна капитација фиксен дел и опомена пред изрекување на договорна казна.

Исто така Ви укажуваме дека не постои можност пред секое изрекување на договорна казна да биде изречена опомена. Се работи за здравствени установи кои во континуитет имаат повеќе години склучено договор со Фондот, каде овластеното лице без присилба како деловно способни страна со свој потпис се обврзало дека ќе работи во согласност со одредбите во договорот. Тоа подразбира дека самото овластено лице на здравствената установа точно знае за која повреда каква казна следува.

Додека односот на лекарот вработен во здравствената установа со работодавецот е регулиран со Законот за работни односи. За да може здравствената установа да обезбеди почитување на договорните одредби од страна на вработениот лекар, работодавачот треба последиците од изречената договорна казна за повреда на договорот направена од страна на лекарот, да ја регулира уште при потпишување на договорот за вработување.

Фондот со своето транспарентно работење и понатаму останува отворен за соработка, со што во иднина Вашите забелешки можете да ги доставите на разгледување кога ќе се изработува содржината на договорите за 2019 година.

Со почит,

| ВД Директор<br>Данаил Дончев | Директор<br>Орхан Рамадани<br>Orhan Ramadani |
|---|---|

Изготвиле: Јасмина Смилевска
Согласен: Миле Сугарев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
1
СКОПЈЕ